УРП.бр.79/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Газменд Фејзуљи - претседател на советот, м-р Анета Џигерова и д-р Едита Насковска - членови на советот, со записничар Снежана Стаменовска Христова - судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА РОМИТЕ СКОПЈЕ, со овластено лице Миљазим Сакипов од Скопје, поднесена преку полномошник Зоран Пејчев адвокат од Скопје, против Решението бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година, на тужениот орган Општинската изборна комисија Шуто Оризари, со основ изборно право, по одржаната јавна расправа на ден 24.09.2025 година, во присуство на овластено лице на тужителот Миљазим Сакипов од Скопје, полномошникот на тужителот Зоран Пејчев адвокат од Скопје, овластени лица на тужениот орган Вели Мумин-претседател на ОИК Шуто Оризари и Орхан Селими-секретар, согласно член 67 став 9 од Изборниот законик, едногласно ја донесе и јавно ја објави на ден 24.09.2025 година следната:

I

ПРЕСУДА

Тужбата на тужителот Демократска партија на Ромите Скопје, со овластено лице Миљазим Сакипов од Скопје, поднесена против Решението бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година на тужениот орган, Општинската изборна комисија Шуто Оризари бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година на тужениот орган Општинската изборна комисија Шуто Оризари, СЕ ПОТВРДУВА.

II

РЕШЕНИЕ

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката во вкупен износ од 20.800,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Образложение

Со оспореното Решение означено во изреката на пресудата се поништува потврдените листи на кандидати за избор на членови на советот на Општина Шуто Оризари и листа за кандидат за избор на Градоначалник на Општина Шуто Оризари, потврдени на ден 19.09.2025 со број 11-27/2025 година, поднесена од подносителот политичка партија Демократска партија на Ромите-Миљазим Сакипов.

Незадоволен од оспореното Решение, тужителот, преку полномошник Зоран Пејчев адвокат од Скопје, до Управниот суд поднесе тужба на ден 24.09.2025 година во 11,53 часот, со која ја оспори законитоста на истото поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на

материјалното право. Во тужбата се наведува дека од страна на сега тужителот како политчка партија, листите за кандидат за Градоначалник на Општина Шуто Оризари и листите за советници за Општина Шуто Оризари, уредно и со комплетна документација, биле доставени до Општинската изборна комисија Шуто Оризари на ден 22.09.2025 година. Меѓутоа, на претседателот и овластено лице на сега тужителот Миљазим Сакипов од страна на Секретарот на Општинската изборна комисија Орхан Селим му било посочено да напише датум на поднесување 19.09.2025 година и дека нема да има никакви проблеми, што и било направено од негова страна, за да на ден 23.09.2025 година го прими сега оспореното Решение. Во поткрепа на ваквите наводи истиот предлага да се изведе како доказ сослушување на сведоци Орхан Селим - секретар на Општинската изборна комисија Шуто Оризари, Вели Мумин-претседател на Општинската изборна комисија Шуто Оризари, Алмир Сали од Шуто Оризари, Ќамуран Сејди од Шуто Оризари и Миљазим Сакипов како овластено лице на сега тужителот. Наведува дека Известувањето за отстранување на неправилностите во поднесената листа на кандидат за избор на градоначалник, незаконски заведено под архивски број 11-27/2025 од 19.09.2025 година, е всушност Известување од 22.09.2025 година, за кое што било посочено да се стави датум на прием 19.09.2025 година. Веднаш по приемот на Известувањето од ден 22.09.2025 година, уште истиот ден, 22.09.2025 година била доставена Потврда за отварање активна сметка од Стопанска Банка. Сега тужителот како партија имале поднесено кандидатска листа и во Општина Ранковце, со комплет документација и истата била прифатена, без никаков проблем, воедно целата потребна документација била доставена и до Државната изборна Комисија. Истакнува соменвање во работењето на архивата на Општинската изборна комисија Шуто Оризари, од причина што се се заведувало под исти архивски број, односно немало подброеви. Согласно сето наведено, по изведување на вербалните и писмени докази се предлага тужбата на тужителот да биде уважена, оспореното Решение да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување. Побара трошоци.

Тужениот орган ги достави списите по предметот со доказите и Одговор на тужба во кој наведе дека тужениот орган останува во целост на наведените наводи во образложението на Решението на Општинската изборна комисија Шуто Оризари бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година, оценувајќи ги тужбените наводи како неосновани.

Одговорот на тужбата даден од страна на тужениот орган, Судот уредно го достави до тужителот како би се запознал со содржината на истиот.

Судот на ден 24.09.2025 година одржа јавна расправа во присуство на овластено лице на тужителот Миљазим Сакипов од Скопје, полномошникот на тужителот Зоран Пејчев адвокат од Скопје, овластени лица на тужениот орган Вели Мумин-претседател на ОИК Шуто Оризари и Орхан Селими-секретар.

На одржаната јавна расправа на ден 24.09.2025 година полномошникот на тужителот достави потврда со приемен печат од ДИК од 15.09.2025 година во оргинал еден примерок, предмет дополнување на документација за достава листи на кандидати за локални избори од 2025 годиан од Демократска партија на Ромите. Наведе дека ДИК само требало овај документ да го препрати до Општинска изборна комисија што не било направено. По разговор со спротивната

странка пред да влезат во судница како адвокат на тужителот Демократска партија на Ромите им било предложено на секретарот и на претседателот на Општинската изборна комисија да го признаат тужбенето барање и со тоа да ја завршат оваа работа, по што од страна на секретарот или претседателот му било кажано дека доколку овој доказ го достави до Судот во оргинал ќе го признаеле тужбеното барање и ќе донеселе ново решение со кое ќе го отповикаат ова оспореното Решение и мисли дека начелно се сложиле.

Овластеното лице на тужителот, Миљазим Сакипов истакна дека во ДИК на 15-ти кога било даден наведениот доказ, наместо оригиналот да го задржат истите ја задражале копијата, тоа не било намерно, но мисли после тоа дека и госпоѓата од Општинска комисија Шуто Оризари открила дека тоа треба да биде оригиналот, а не копија.

Претставникот на туженииот орган, Орхан Селими истакна дека тврдењата на тужителот дека е измамен и доведен до заблуда се неосновани бидејќи доказ за тоа дека приемот на решението односно сите решенија кои се издадени се своерачно потпишани со име и презиме, ден и час, од подносителот на листата на Демократска партија на Ромите. Исто така наведеното дека решението за подигнување на основ поништување на листата од страна на Дејан Сакипов со изговор дека полномошното е издадено на ден 23.09.2025 година е исто така неоснован. Општинската изборна комисија Шуто Оризари од диспозитивот односно решението со кое се поништува потврдувањето на листата за кандидати за членови за совет на општината и градоначалник е донесено според упатствата и насоките дадени од страна на ДИК. Доказ за истото е побарување за насока за отфрлање или потврда на листа на кандидати за градоначалник по електронски пат од страна ОИК Шуто Оризари испратена до претседателот на ДИК Борис Кондарко член Александар Крсевски како и координаторот Ангела Аврамовска и Нермина Ѓурѓевиќ пратена на 22.09. во 15. 38 часот . Според фактичката состојба ОИК во рамките на своите овластување го има донесено решенито за поништување, според правата и упатства од Изборен законик на РСМ. Недорзабирањето до кое што било дојдено до диспозитивот на денешната расправа било остварено од страна на ДИК бидејќи странките односно Демократска партија на Ромите бидејќи учествувале во повеќе изборни општини имале право да депонират оригинални документи, прилози, во ДИК додека до Општинска изборна комисија може да достави и копија. Демократската партија на Ромите имала рок до 13.09. да достави листа за кандидати за членови на совет и градоначалник кое што навремено е поднесена. Во таа документација им недостасувала трансакциска сметка или активна со назнака изборна кампања во оригинал или копија заверена на нотар. Првичниот роковник издаден од страна на ДИК после доставувањето на листите за кандидати за членови за совет и градоначалник требало во рок од 24 часа да достави барања до Основен суд Скопје 1 за кривична и казнена евиденција и до Министерство за внатрешни работи за уверение за државјанство, меѓутоа Основниот суд Скопје 1 не одговорил на барањата во даданиот рок и со тоа роковите дадени од ДИК биле пролонгирани, издадено било ново упатство од ДИК дека откако ќе се одговорат барањата од страна на Основен суд Скопје 1 и доколку кандидатите исполнуваат услови да се потврди листата на подносителот и согласно тоа доколку има неправилности да се издаде известување за отстранување на неправилности. Согласно тоа упатство Основен суд Скопје 1 на барањето за кривична и казнена евеиденција поварзани со Демократска партија на Ромите одговорила на 19.09.

при што можело да се види и од следните потврди. Следно на тоа било издадено решение за потврдување на листата и согласно претходниот увид дека недостасува прилог односно отворена и активна траскациска сметка било издадено заедно со решението Известување за отстранување на направилности во поднесената листа на кандидати за градоначалник и советници на Општина Шуто Оризари. Откако странката Демкратска партија на Ромите го примила известувањето на 15.09.2025 година потврда за отворена и активна трасакциска сметка е доставена во оригинал до ДИК. ОИК во комуникација со ДИК поточно со Ангела Аврамовска од нивна страна е потврдено дека Демократска партија на Ромите на 15.09.2025 година доставиле потврда за отворена и активна транасакциска сметка со назнака Изборна кмапања и дека со тој поднесок поднесената листа за кандидати за градоначалник и членови на советот во општина Шуто Оризари е целосна. Откако била доставена до Општинската изборна комисија Шуто Оризари горе наведената потврда на 22.09.2025 година во 14.20 часот потпишана од страна на овластениот полномошник на Демократска партија на ромите било побарано мислење од ДИК и востановено било дека на 15.09.2025 година е доставена копија, а не оригинал потврда за отворена и активна трансакцика сметка со тоа што сходно на таа грешка дали од страна на ДИК или од страна на Демократската паратија на Ромите е пробиен рокот од 48 часа за доставување на прилози за отстранување на неправилности при поднесување на листата. Тие како ОИК можело да потврдат дека при комуникација со ДИК им било наложено дека тужителот имал доставено во оригинал отворена и активна трансакцикса сметка.

Во реплика полномошникот на тужителот изјави дека со излагањето од околу 15 минути претставникот го признал тужбеното барање, од кое излагање можело да се заклучи дека грашката е во ДИК зошто оригиналот отворената сметка за избори од Демократска пратаија на Ромите е навреме доставена до ДИК, а тоа што ДИК оригиналот не го доставила до ОИК тоа не може да биде грешка на тужителот. Обжаленото решение од 23.09.2025 година на ОИК Шуто Оризари бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година потпишана од претседателот на ОИК и двајца членови кои не ги познава цитира „ само дел од тоа согласно член 18 став 1 од Упатството за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за локалните избори 2025 година, политичките партии треба да достават потврда за отворена активна трансакациона сметка, значи суштината на ова решение да се поништи е потврда за нова трансакциона сметка, а како претставникот на тужен орган, дава оригинал со примен печат од 15.09.2025 година примен од ДИК во решението со кое е барано поништување основот за донесување на вакво решение е тоа што Демократска партија на Ромите е тоа што не доставила до ОИК потврда за отворена и активирана трансакциона смтека, а еве доказ дека тоа е доставено до ДИК уште на 15.09.2025 година, а решението е донесено од ОИК Шуто Оризари на 23.09.2025 година и го задолжуваат со ова решение односно констатираат дека Демократска партија на Ромите не доставила таква потврда до ОИК и дека тоа трабало да го стори ДИК уште на 15.09.2025 година, затоа рокот од 48 часа кој се дава и се повикува не може да важи за тужителот бидејќи таква потврда доставил уште на 15.09.2025 година, а во решението пишува невистинита содржина односно до негде е вистинита содржина, „подносителот на листата Миљазин Сакипов неправилностите односно потврдата за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „ за изборна кампања “ ја доставил до ОИК Шуто Оризари на 22.09.2025 година во 14.20 часот со што е пробиен рокот со приемен печат на ОИК Шуто Оризари, немал обврска да достави таква потврда. Имало и потврда на

15.09.2025 година од банка дека е отворена трансакацикса сметка што е доставено кон тужбата. Во списите на предметот имало доставно решение од ОИК од 22.09.2025 година во состав Вели Мумин Претседател и членови Антигона Беќири и Нермина Сејфовска во кое решение од страна на ОИК Шуто Оризари се потврдува цитира решение „листа на кнадидати за избор на кандидати на општина Шуто Оризари поднесена од политичка паратија Демокаратска партија на Ромите СЕ ПОТВРДУВА. Како незаконски работела на штета на Демократска партија на Ромите односно на тужителот доле пишува примил Дејан Сакиповски од 19.09.2025 година во 19.30 часот, како можело ОИК спротивно на законот на седницата на ОИК која се случи на 22.09.2025 година, а ова решение да биде примено од Дејан Секиповски на 19.09.2025 година, овој датум не бил вистински датум. Второ решение но под исти број и тоа е незаконско, едното решение за советници имало бр.11-27/2025 од 19.09.2025 година и седницата е одржена на 22.09.2025 година, а доле пишувало дека е примено решението на 19.09.2025 година и сега овде било заведено на 19.09.2025 година. На претседателот на Демократска партија на Ромите усно му било кажано на извештајот на оценување на неправилности во поднесена листа на кандидати за градоначалник, ставиле дата од 19.09.2025 година заведена во ОИК бр.11 27/2025 во 19.30 часот, пишувало бр.11-27/2025 од 19.09.2025 година во рок од 48 часа да ги отстрани неправилностите во документите што ги дал до ОИК и во истото известување стоело дека листата не ги содржи следните неправилности: потврда за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака за иборна кампања во оригинал или заврена копија на нотар, му укажува на претседелот на советот и на членовите на советот дека тоа Демократска пратија на Ромите уште на 15.09.2025 година до ДИК доставила оригинал или копија, а тоа што оригиналот бил кај нив тое било грешка на ДИК односно дали Оригиналот трабало тие да го задржат или ние. Од тие причини бара да се поништи ова решение и да се овозможи на Демократска партија на Ромите активно да учествува во изборите во 2025 година, а не да се ускратува од политички причини.

Претставникот на тужен орган во однос на доставениот доказ наведе бидејќи станува забор за законитоста на работењето на Општинската изборна комисија Шуто Оризари со тоа што се доведува до прашање решенијата за потврдување на листите за кндидати и членови на советот го изјавува следното: тужбата на денешната расправа била дека ОИК го измамила и манаипулирала подносителот на листата од Демократакса партија на Ромите Миљазим Сакипов, а не била потврдата доставена на 15.09.2025 година, непознавањето на правото на политичката паратија Демократска партија на Ромите како правен субјект е нивна штета, а не штета на ОИК и на ДИК. Изборниот законик наложува политичките партии кои ќе учествуваат на локалните избори во повеќе градови или општини да депонираат оригнални документи/прилози кон листите за кандидати за градоначалници и членови на совет и доколку е депониран како оригинал некој од тие документи тогаш може и само во тој случај да депонира односно достави копија до Општинските или градските комисии. Во овој случај ОИК не може да одлучи да го прифати овој доказ бидејќи оваа потврда во оригинална форма е доставена на 22.09.2025 година во ОИК поради неукост или незнаење на подносителот на листата за кандидати и членови на советот од страна на Демократска партија на Ромите е негова и само негова обврска да обезбеди и депонира оригинали во ДИК и да се увери дека го исполнува условот за учество на локалните избори 2025 година.

По однос на предлогот во тужбата да се изведат како доказ сослушување на сведоци Орхан Селим - секретар на Општинската изборна комисија Шуто Оризари, Вели Мумин-претседател на Општинската изборна комисија Шуто Оризари, Алмир Сали од Шуто Оризари, Ќамуран Сејди од Шуто Оризари и Миљазим Сакипов како овластено лице на сега тужителот, по советување и гласање од страна на Судот на одржаната јавна расправа беше донесено Решение со кое овие докази не се прифаќаат.

Ново предложениот доказ Дополнување на документација за достава на листите за кандидатура на локални избори од Демократска партија на Ромите на 15.09.2025 година од ДИК (без прилог), со решение на јавната расправа Судот го прифати. Еден прилог копија од ново доставниот доказ Судот му врачи на претставникот на тужен орган.

Во доказна постапка Судот на расправата ги изведе следните докази: Тековна состојба на ЦР на РСМ бр. 0805-50/150120250019021 од 21.08.2025 година, Фотокопија на лична карта од Миљазим Сакипов, Решение за поништување од Општинска изборна комисија Шуто Оризари бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година, Дополнување на документација за достава на листите за кандидатура на локални избори од 2025 година од Демократска партија на Ромите Скопје, Решение од Општинска изборна комисија Шуто Оризари бр.11-27/2025 од 19.09.2025 година, Овластување од претседателот на Демократска партија на Ромите Скопје од 23.09.2025 година, Известување од Општинска Изборна комисија Шуто Оризари за отстранување на неправилности во поднесената листа на кандидат за избор на градоначалник од поднесител Миљазим Сакипов од 19.09.2025 година, одговор на тужба од 24.09.2025 година, Потврда за активна сметка за локални избори 2025 доставена до Општинска изборна комисија Шуто Оризари на 22.09.2025 година, Дополнување на документација за достава на листите за кандидатура на локални избори од 2025 година од Демократска партија на Ромите Скопје до Државна изборна комисија на 15.09.2025 година.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека како петитум на тужбата му предлага на Судот да го уважи тужбеното барање, тужбата на тужителот Демократска партија на Ромите поднесена преку полномошник адвокат се уважува, Решението за поништување бр.11-30/2025 година од 23.09.2025 година донесена од ОИК Шуто Оризари на РСМ се поништува и предметот да се врати на повторно одлучување и постапување. Од самото излагање на претставникот на тужениот орган индиректно било признаено тужбеното барање на тужителот и во зависност од одлуката на Судот која ќе биде донесена ОИК на општина Шуто Оризари требало да донесе ново решение со кое ќе го отповика ова решение за кое се бара со тужбата поништување и да и се овозможи на Демократската партија на Ромите да учествува на локалните избори и дека целокупната документација која е потребна е доставена до ОИК и ДИК. Трошци бара во вкупен износ од 20.800,00 денари и да се задолжи тужениот орган да му исплати трошоци.

Во завршни зборови овластеното лице на тужителот изјави дека се согласува со неговиот полномошник и да се донесе ново решение.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека тие како ОИК не можат да одлучат дали да се прифати потврдата поднесена на 15.09.2025 гопдина бидејќи фактичката состојба вели дека на 15.09.2025 година е доставена копија до ДИК, сходно на тоа тужбеното барање на странката Демократска партија на Ромите каде што се тврди дека ОИК Шуто Оризари го измамил и манипулира подносителот на листата Миљазин Сакипов своерачно да се потпише и да наведе дека ги примил решенијата на ден разлочен од тоа што е неведено во самите документи е апсурдно и треба да се отфрли.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган Вели Мумин изјави дека се согласува со наводите изнесени од секратарот на ОИК, би сакал да се прифати потврдата дадена на 15.09.2025 година.

Судот, имајќи ги во предвид наводите на тужителот изнесени во тужбата, одговорот на тужба, како и со увид во списите на предметот доставени од тужениот орган, а притоа имајќи ги во предвид наводите од одржаната јавна расправа и доказите изведени на истата, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот произлегува дека од страна на Општинската изборна комисија Шуто Оризари, со Решение број 11-27/2025 од 19.09.2025 година, врз основа на член 67 став 5 од Изборниот законик, се потврдува Листа на кандидати за избор на членови на советот на Општина Шуто Оризари и Листа за кандидат за избор на Градоначалник на Општина Шуто Оризари поднесена од подносителот политичка партија Демократска партија на Ромите-Миљазим Сакипов.

По извршениот прием и проверка на поднесената Листа на кандидат за избор на Градоначалник на Општина Шуто Оризари и прилозите кон истата, Општинската изборна комисија Шуто Оризари утврдила дека поднесената листа содржи неправилности во однос на тоа дека не била доставена Потврда за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања“ во оргинал или копија заверена на Нотар, поради што со Известување бр.11-27/2025 од 19.09.2025 година, на образец број 5б член 67 став 2, 4 и 6 од Изборниот законик, било побарано од Миљазим Сакипов, согласно член 67 став 2, став 4 и став 6 од Изборниот законик, да се отстранат констатираните неправилности и/или пропусти во рок од 48 часа од приемот на ова известување. На крајот од Известувањето тужителот е поучен дека ако констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листите не ги отстрани во утврдениот рок, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот на листите.

Формалното Известување за отстранување на неправилностите овластениот претставник на сега тужителот го примил на ден 19.09.2025 година во 19,30 часот.

Со поднесок заведен кај тужениот орган под број 11-28/2025 од 22.09.2025 година во 14,20 часот, подносителот на листата Миљазим Сакипов ја доставил до ОИК Шуто Оризари Потврдата за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања“.

Со оглед на тоа дека во законски определениот рок од 48 часа од приемот на известувањето, сега тужителот не ги отстранил констираните неправилности, тужениот орган повикувајќи се на член 67 став 5 од Изборниот законик, го донел сега оспореното Решение со кое се поништува потврдената листа на кандидати за избор на членови на советот на Општина Шуто Оризари и листа за кандидат за избор на Градоначалник на Општина Шуто Оризари, потврдени на ден 19.09.2025 со број 11-27/2025 година, поднесена од подносителот политичка партија Демократска партија на Ромите-Миљазим Сакипов. Во образложение на решението се наведува дека согласно член 18 став 1 од Упатството за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за локални избори 2025, политичките партии треба да доставаат Потврда за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања" во оргинал или копија заверена на нотар. Според член 22 став 3 од Упатството од страна на Општинската изборна комисија Шуто Оризари било утврдено дека поднесувањето на листата за кандидати за градоначалник и членови на совет во општина Шуто Оризари, подносител Миљазим Сакипов, не ги доставил сите потребни прилози, односно не ја доставил Потврдата за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања". Според член 28 став 1, ОИК Шуто Оризари на ден 19.09.2025 година во 19:30 часот откако ја потврдил листата со решение број 11-27/2025 година го повикал овластениот претставник на подносителот на листата да ги отстрани неправилностите во рок од 48 часа и им било издадено известување за отстранување на неправилностите во поднесената листа на кандидат за избор на градоначалник и членови во советот на општина Шуто Оризари на 19.09.2025 година во 19:30 часот, по што подносителот на листата Миљазим Сакипов, неправилностите, односно Потврдата за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања " ја доставил до ОИК Шуто Оризари на 22.09.2025 година во 14:20 часот, со што бил пробиен рокот од 48 часа.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното Решение Судот најде дека е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 71 став 1 од Изборниот законик, („Службен весник на РМ" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008,155/2008,163/2008, 44/2011, 51/2011,142/2012, 31/2013,34/2013,14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016,142/2016, 67/2017, 125/2017, 038/2018, 99/2018,140/2018, 208/2018, 27/2019 и „Службен весник на РСМ" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/24 и 76/24), Заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака "за изборна кампања" и кај носител на платен промет во Република Македонија отвораат трансакциска сметка со назнака "за изборна кампања" и истите не може да се користат за друга намена. Согласно став 2 од истиот член, субјектите од ставот (1) на овој член се должни да обезбедат ЕДБ и да ја отворат трансакциската сметка од ставот (1) на овој член најдоцна 48 часа по потврдувањето на листата за кандидати, а најрано 48 часа по распишувањето на изборите и во тој рок од 48 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка се доставува до надлежната изборна комисија.

Согласно член 18 став 1 од Упатството за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за локални избори 2025, кон листите за кандидати, поднесени од политички партии се доставува: - Потврда од надлежен суд за регистрација на политичка партија, во оригинал или копија заверена на нотар; - Образец, Листа на кандидат за Градоначалник на општината односно Градот Скопје и/или Листа на кандидати за членови на советот на општината односно Градот Скопје, во оригинал; - Образец, Изјава за прифаќање на кандидатура за секој кандидат од листата, во оригинал; - Образец, Изјава за припадност на одредена заедница за секој кандидат од листата, во оригинал. - Копија од важечка лична карта или патна исправа за секој кандидат од листата; - Симбол (ако го има), во електронска форма во *jpg или *tif формат на УСБ или друг погоден медиум и - Образец, Доказ за обезбеден ЕДБ, со назнака „за изборна кампања", во оригинал или копија заверена на нотар и - Потврда за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања", во оригинал или копија заверена на нотар.

Согласно член 36 став 1 од истото Упатство, Политичката партија, коалицијата односно носителот на независната листа од група избирачи, задолжително обезбедуваат ЕДБ (единствен даночен број) со назнака „за изборна кампања" и кај носител на платен промет во Република Македонија (банка) отвораат трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања" и истите не може да се користат за друга намена. Согласно став 2 од истиот член, Оваа активност тие ја преземаат најдоцна 48 часа по потврдување на листата за кандидати, а најрано 48 часа по распишување на изборите.

Согласно член член 37 став 1 од истото Упатство, во тој рок од 48 часа по потврдување на листата, доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка се доставува до надлежната ОИК/ИКГС, во оригинал или копија заверена на нотар. Согласно став 2 од истиот член, кога политичката партија, односно коалицијата, поднесуваат листи на кандидати во повеќе општини, оргиналите од потврдата од Централниот регистар за обезбеден ЕДБ (со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациона сметка) ги депонираат во ДИК, а до ОИК/ИКГС доставуваат копии со прилог Образец – Потврда за депонирани оригинални документи издадена од страна на ДИК.

Согласно член 38 од истото Упатство, ако политичката партија, коалицијата односно носителот на независна листа од група избирачи не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциска сметка, односно ако во рок од 48 часа по потврдување на листата не го достават до ОИК/ИКГС доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка, потврдената листа на кандидати, се поништува со решение на ОИК/ИКГС.

Согласно Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на градот Скопје, 2025 година, во делот VI.1. став 2, е наведено дека субјектите се должни да обезбедат ЕДБ и да отворат трансакциска сметка најдоцна 48 часа по потврдување на листата на кандидат/и, а најрано 48 часа по распишување на изборите и во тој рок од 48 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка се доставува до надлежната ОИК.

Согласно дел VI.3. од истиот Роковник, ако политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи односно лицата кои имаат намера да се кандидираат не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциска сметка во предвидените рокови, потврдената листа на кандидат се отфрла со решение на надлежната ОИК веднаш а најдоцна во рок од 24 часа.

Имајќи ја во предвид вака утврдената правна и фактичка состојба во предметот, како и цитираните одредби, Судот најде дека правилно постапил тужениот орган кога со оспореното Решение ја поништил потврдената листа на кандидати за избор на членови на советот на Општина Шуто Оризари и листа за кандидат за избор на Градоначалник на Општина Шуто Оризари, потврдени на ден 19.09.2025 со број 11-27/2025 година, со оглед на тоа дека од изведените докази неспорно произлегува дека подносителот на Листата со свој потпис потврдил дека известувањето за отстранување на неправилности го примил на ден 19.09.2025 година во 19,30 часот, а констатираните неправилности ги отстранил на ден 22.09.2025 година во 14:20 часот, односно после определениот рок од 48 часа.

Судот при одлучувањето ги имаше во предвид тужбените наводи дека известувањето за отстранување на неправилностите сега тужителот преку својот овластен претставник го примил на ден 22.09.2025 година, а не на ден 19.09.2025 година како што било констатирано на самото известување, но оцени дека истите се неосновани и не можат да доведат до поинакво одлучување во конкретниот случај од причина што од увид на самиот штембил и потпис на известувањето неспорно произлегува дека овластениот претставник со свој потпис потврдил дека лично го примил истото на ден 19.09.2025 година во 19,30 часот. Исто така, Судот при одлучувањето ги имаше во предвид и наводите на тужителот дека немал обврска да достави Потврдата за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања“ до ОИК Шуто Оризари, од причина што наведената Потврда била доставена до ДИК на ден 15.09.2025 година, за што како доказ приложи поднесок Дополнување на документација за достава на листите за кандидатура на локални избори од Демократска партија на Ромите на 15.09.2025 година од ДИК (без прилог), но од причина што и самиот овластен претставник на тужениот орган на јавната расправа наведе дека до ДИК во прилог на наведениот поднесок не била доставена Потврдата во оригинал, туку била доставена копија од истата, Судот смета дека ова е во спротивност со цитираните одредби од Упатството и Роковникот, согласно кои Потврдата за отворена и активирана трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања“ треба да биде доставена во оригинал или копија заверена на нотар. Конечно, Судот при одлучувањето ги имаше во предвид и наводите на тужителот дека Решението број 11-27/2025 од 19.09.2025 година, на тужениот орган било незаконито од наведените причини на јавната расправа, но истите ги оцени за неосновани, од причина што наведеното Решение број 11-27/2025 од 19.09.2025 година, на тужениот орган не е предмет на оценка во предметниот управен спор, односно предмет на оценка во конкретниот управен спор е оспореното Решение бр.11-30/2025 од 23.09.2025 година на тужениот орган.

Согласно наведеното, Судот едногласно одлучи како во став I од изреката од оваа одлука, врз основа на член 67 став 9 од Изборниот законик.

Исто така, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019), со оглед на успехот во спорот, Судот одлучи дека барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката, е неосновано, па одлучи како во точка II од диспозитивот на оваа одлука.

ОДЛУЧЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 24.09.2025 година под УРП.бр.79/2025.

Записничар - судски советник
Снежана Стаменовска Христова

Претседател на совет - Судија
Газменд Фејзуљи

Пресудата да се достави на:
- тужителот преку полномошник
- тужен орган - Општинска изборна комисија Шуто Оризари

Претседател на совет - Судија
Газменд Фејзуљи